М-НАВ
Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги на воздухопловната навигација

# Политика за управување со безбедност и квалитет

МНВ-850-403.01

Наша цел е да:

- Безбедноста да биде прв приоритет при извршување на сите наши работни активности. Се стремиме да ги имплементираме, развиеме и подобриме стратегиите, системите за управување и процесите;
- Извршуваме работни задачи во воздухопловството на највисоко ниво на ефикасност во однос на безбедноста и истите да ги исполнуваат домашните и меѓународните стандарди ;
- Промовираме безбеден, ефикасен и брз проток на воздушен сообраќај, да го одржуваме и развиваме капацитетот кој е потребен за да континуирано се обезбедуваат безбедни услуги висок квалитет;
- Обезбедиме отворени и транспарентни воздухопловни услуги;
- Гарантираме дека на целиот персонал му се доставуваат адекватни и точни воздухопловни информации кои се од особено значење за безбедноста, дека целиот персонал е стручно оспособен во однос на безбедносните прашања, а задачите кои им се доделуваат се во согласност со нивните вештини;
- Гарантираме дека извршителите се целосно посветени на безбедноста, на обезбедувањето услуги со висок квалитет и дека носат одлуки со цел да се исполни визијата на компанијата.
- Гарантираме дека Управниот Одбор е одговорен за ефикасно и независно функционирање на системот за управување со безбедност и квалитет;
- Спречиме дискриманција врз основа на националноста или идентитетот на корисниците или на групата на корисници и им обезбедиме соодветни и веродостојни услуги на сите корисници на воздушниот простор;
- Да го утврдиме, процениме и измериме, нашето ниво на ефикасност во однос на безбедноста и квалитетот споредено со одредените цели и/или таргети, да реализираме највисоки нивоа на безбедносни стандарди и перформанси додека ги извршуваме сите наши работни задачи во воздухопловството. Доколку е потребно да се воспостават мерки за спречување или корегирање на грешките со кои би се намалиле ризиците и би се спречило повторно случување на истите.
- Гарантираме дека нашите човечки ресурси ја имаат потребната вештина и се соодветно обучени за да ги извршуваат своите задачи а притоа земајќи во предвид како тие преку извршување на своите работни задачи влијаат на безбедноста, општеството, животната средина и одржливиот развој ;
- Да развиваме и интегрираме култура на безбедност при извршување на сите наши работни задачи во воздухопловството која вклучува признавање на значајноста и на вредноста на ефикасното управување со безбедноста во воздухопловството, како и да потврдиме дека безбедноста е примарна и приоритетна;
- Утврдиме ефикасен систем на пријавување така што вработените ќе ги пријавуваат безбедносните настани без страв дека ќе бидат казнети неправедно, а притоа вака ќе ги добиваме сите инфромации кои ни се потребни за справување со безбедносните настани;

Скопје, 22 Февруари 2019

Николче Тасески
Претседател на УО

Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги во воздухопловната навигација АД Скопје М-НАВ M-NAV Shoqëri aksionare në pronësi shtetërore për kryerjen e veprimtarisë dhënie të shërbimeve në trafikun ajror SHA Shkup